ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр. 4/20
17.03.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

ДО
ГАМ
С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ; Доставување информација од јавен карактер

Постапувајки по Вашето барање БР. 6-03/11 од 28.02.2020 година, примено во судот односно кај имателот на информации на ден 03.03.2020 година, Основен суд Гевгелија Ви ја доставува следната информација од јавен карактер.

Во Основен суд Гевгелија од извршената проверка во АКМИС програмата за периодот од 01 јануари 2010 година до 31 декември 2019 година нема примено и заведено предмети за кривично дело поткуп при избори и гласање, според чл. 162 од Кривичниот законик, кривично дело злоупотреба на средства за изборната кампања, според чл. 65 од КЗ , 165-А од КЗ, против законито располагање ; со буџетски средства за време на избори според чл. 165-А од КЗ: кривично дело спречување на избори и гласање според чл. 158 од КЗ, поврзани со одржување на локалните избори во 2017 година и претседателски избори во 2019 година; кривично дело повреда на слободата на определување на избирачите, според чл. 160 од КЗ , кривично дело злоупотреба на избирачко право, според чл. 161 од КЗ, кривично дело повреда на тајност на гласањето, според чл. 163 од КЗ; кривично дело уништување на изборен материјал, според чл. 164 од КЗ и кривично дела изборна измама, според чл. 165 од КЗ.

За периодот од 1 јануари 2012 до 31.декември 2019 година и за периодот 1 јануари 2010 до 31.декември 2019 година нема донесено решение за изрекување на прекршочни санкции поврзани со сторен прекршок според чл. 179 ст.1 в.в. чл. 8А од Изборниот законик , за сторен прекршок според чл. 180 ст.1 в.в. чл. 72 од ИЗ, според чл. 189 ст.1 в.в. чл. 85 од ИЗ и според чл. 189, ст.4, в. в. чл. 84 од ИЗ.

Во Основен суд Гевгелија од извршената проверка во АКМИС програмата има донесено две пресуди за изрекување на прекршочна санкција поврзани со сторен прекршок според чл. 190, ст.2, в.в. чл. 106 од Изборниот законик, за периодот од 1.јануари 2010 година до 31 декември 2019 година.

Прилог; Пресуда Прк.бр. 32/17-О и Прк-О-54/19

Податоците Ви се доставуваат на Ваша понатамошна надлежност.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
Службено лице
За посредување информации од
Јавен карактер
Судија
Станка Кимова